***З А П И С Н И К***
***од 30-та седница на Совет на Општина Демир Хисар***
***одржана на 22.12.2023 година***

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 12 часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски, Валентин Несторoски, Марина Димитријовска, Магдалена Вељановска присутни во салата за состаноци и советничката Сандра Пејковска учествуваше со употреба на комуникациски средства.

Од општинската администрација присутни беа Александра Трајковска, Мише Милошевски, Томе Милошовски, Даниел Станојовски, Вера Трајковска и Аце Пејковски. На седницата присутен беше директорот на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар Гоце Мицковски.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

-Усвојување на записиник од 29-та седница на Совет на општина Демир Хисар
По записникот немаше забелешки.

Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 30-тата седница. Записникот беше усвоен со 11 „за".

На седницата се расправаше по следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1.Разгледување на извештајот од оддржаната средба на градоначалникот со претседателите на месните заедници.

2. Донесување на Одлука за измени и дополнување на Статутарна одлука бр.07-182/4 од 10.06.2005 година

3. Донесување на Одлука за утврдување на паричен надомест за секое новородено дете во Општина Демир Хисар во 2024 година.

4. Донесување на Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2024/2025 година во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар.

5.Донесување на Одлука за одредување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште утврдена врз основа на извршените купопродажби во предходната година на подрачјето на Општина Демир Хисар.

6. Донесување на Програма за активностите на општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2024 година.

7. Донесување на Програма за активностите на општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2024 година.

8. Донесување на Програма за активностите на општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2024 година.

9. Донесување на Програма за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2024 година.

10. Донесување на Програма за активностите на општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита во 2024 година.

11. Донесување на Програма за јавно осветлување за 2024 година на подрачјето на општина Демир Хисар.

12.Донесување на Годишна програма за вршење на работите на одржување на јавната чистота во градот Демир Хисар во 2024 година.

13.Донесување на Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар во 2024 година.

14. Донесување на Програма за изградба и реконструкција на патишта и улици во Демир Хисар за 2024 година.

15. Донесување на Програма за уредување на земјиште во Демир Хисар за 2024 година.

16. Донесување на Програмата за Урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2024 година.

17. Донесување на Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Демир Хисар за 2024 година.

18.Донесување на Годишна Програма за активности еднакви можности на жените и мажите во општина Демир Хисар за 2024 година.

19. Донесување на Решение за именување член во Управен одбор во ЈУ Центар за социјална работа Демир Хисар.

20. Усвојување на Финансиски извештај за работа на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар за период 01.01.2023-30.09.2023 година.

21. Разгледување на барање од Сања Шилковски од Демир Хисар.

22. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата констатира присутво од 10 советници во салата и еден советник кој ќе учествува во работата со употреба на комуникациски средства односно вкупно 11 советници. Потоа предложениот Дневен ред го стави расправа. Советникот Аце Јанкуловски предложи точките 21. Донесување на Решение за разрешување и именување на членови во Управен одбор на ЈКП „Комуналец" Демир Хисар и точка 22. Донесување на Решение за разрешување и именување на член во Ндзорен одбор во ЈКП „Комуналец" Демир Хисар да се повлечат. Советникот Сашо Михајловски забележа овие точки на неколку наврати се ставаат на дневен ред па се повлекуваат, потоа предложи нека се разрешат членовите кои ги исполниле условите па после ќе се именуваат други членови ако нема предлози сега. Вака членовите кои не учествуваат во работата на одборите само ќе земаат надомест, со оглед во каква состојба е ЈКП „Комуналец" не му треба такви трошоци. Исто така дополни ова веќе станува проблем нема да можат да одржат седница ако не присуствува еден од членовите кои се активни. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски истакна има два предлози ги стави на гласање. За предлогот на советникот Аце Јанкуловски да се повлечат точките гласаа 6 „за" предлогот се прифати точките беа повлечени, за предлогот на советникот Сашо Михајловски да се разрешат членовите кои ги исполниле условите за разрешување гласаа 5 „за". Не се прифати предлогот. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 30-тата седница. За вака предложениот дневен ред гласаа 11 „за".

***ТОЧКА 1. Разгледување на извештајот од оддржаната средба на градоначалникот со претседателите на месните заедници***

Во врска со извештајот од оддржаната средба на градоначалникот со претседателите на месните заедници претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни ова беа предлози и програми на месните заедници и дел од нив требаше да се вклопат во Буџетот. Сите советници го имаа извештајот. По извештајот немаше прашања.

***ТОЧКА 2. Одлука за измени и дополнување на Статутарна одлука бр.07-182/4 од 10.06.2005 година***

Одлуката за измени и дополнување на Статутарна одлука бр.07-182/4 од 10.06.2005 година беше донесена од Статутарно правната комисија објасни претседателката на комисијата Сандра Пејковска. Претставниот од општината Александра Трајковска објасни се врши усогласување на одлуката со законот во делот на советот на потрошувачите. Од страна на советот има формирано Совет за заштита на потрошувачите кој е формиран согласно одредбите од предходниот закон. Кога ќе се формира нов состав на ова тело ќе се формира согласно овие одредби. Дискусија немаше. Согласно

член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 30-тата седница. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 3. Одлука за утврдување на паричен надомест за секое новородено дете во Општина Демир Хисар во 2024 година***

За Одлуката за утврдување на паричен надомест за секое новородено дете во Општина Демир Хисар во 2024 година немаше дискусија. Предложените износи се исто како и предходната година. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 30-тата седница. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 4. Одлука за доделување на еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2024/2025 година во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар***

Во врска со Одлуката за доделување на еднократна парична помош на семејства кои имаат запишано прваче во учебната 2024/2025 година во општинските основни училишта на подрачјето на Општина Демир Хисар немаше забелешки. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 30-тата седница. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 5. Одлука за одредување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште утврдена врз основа на извршените купопродажби во предходната година на подрачјето на Општина Демир Хисар***

За Одлуката за одредување на просечна цена за утврдување на пазарна вредност на градежно и земјоделско земјиште утврдена врз основа на извршените купопродажби во предходната година на подрачјето на Општина Демир Хисар Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 30-тата седница. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 6. Програма за активностите на општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2024 година***

За Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2024 година објаснување имаше претставникот Мише Милошевски. Програмата беше донесена од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Дискусија немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 30-тата седница. За донесување на програмата гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 7. Програма за активностите на општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2024 година***

За Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на спорт и млади во 2024 година објаснување имаше претставникот Мише милошевски. Програмата беше донесена од комисијата за опшествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Советничката Марина Димитријовска праша зошто кај некои позиции има определено колку средства, а кај некој не. Претставникот Мише Милошевски објасни од вкупно планираните средства ќе се исплатат спрема барањата и потребите, а советникот Аце Јанкуловски додаде ако има потреба ќе се планираат дополнителни средства. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи во точка 2 да се додадат уште 50.000 за фудбалскиот клуб, наместо планираните 150.000, да бидат 200.000. Ваков предлог имаше на седницата на комисијата, така вкупната сума за оваа програма да биди 293.000, дополнително ќе определиме од каде ќе се намалат овие средства. Забелешки немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по

пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 30-тата седница. За донесување на програмата гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 8. Програма за активностите на општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2024 година***

Програмата за активностите на општина Демир Хисар за поддршка на здруженија и фондации во 2024 година беше донесена од комисијата за општествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За програмата објаснување имаше претставникот Мише Милошевски. Во врска со програмата советничката Марина Димитријовска забележа поддршка да се дава на здруженија од нашата општина. Дискусија повеќе немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 30-тата седница. За донесување на програмата гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 9. Програма за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2024 година***

За Програмата за дезинсекција и дератизација во Општина Демир Хисар за 2024 година објаснување имаше претставникот Мише Милошевски. Оваа програма беше донесена од комисијата за општествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски при тоа додаде имаше предлог на комисијата програмата да се намали за 30.000 овие средства да се префрлат во програмата за спорт и млади. Советничката Марина Димитријовска праша дали предходната година беа потрошени сите планирани средства од оваа програма, а советникот Валентин Несторовски праша каде се врши дезинсекција кој места се опфатени. Претставникот Мише Милошевски објасни за реализација на оваа програма има повик ако нема доволно средства, ќе се направи ребаланс зависи од понудата. Што се однесува за актиовностите на терен не е опфатено целосно територијата на општината, во планинските места нема ефект, повеќе се насочува кон урбаните места и местата каде има застоени води и каде има пристапен пат. Има реакција дека не се спроведуваат сите фази кои се планирани со програмата. Советникот Валентин Несторовски додаде во предходни години бевме сведоци кога поминуваат по населените места по улиците, сега тоа го нема. Претставникот Милошевски објасни затоа потребно е стручен надзор во почетокот кога се започнуваше со оваа постапка пред нас ги ставаа средствата иако јас не сум стручно лице, сега последните години идат со подготвен материјал предходно прскањето се вршеше од 17, сега почнуваат да прскаат после 21 часот нема многу ефект и после прскањето не се приметува миризба порано се чуствуваше. Советничката Марина Димитријовска праша дали со објавата на тендертот опфатена е целата територија и дали цената се утврдува со јавно наддавање. Претставникот Милошевски објасни да опфатена е целата територија по населените места, но некој фази не се реализираат со образложение дека нема потреба затоа треба стручен надзор. Советникот Валентин Несторовски праша како можи советот да реагира. Претставникот Милошевски објасни да барате да се реализира во целост програмата во сите фази и да барате извештај за реализацијата. Дискусија повеќе немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 30-тата седница. За донесување на програмата гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 10. Програма за активностите на општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита во 2024 година***

Програмата за активностите на општина Демир Хисар во областа на здравствената заштита во 2024 година беше донесена од комисијата беше донесена од комисијата за општествени дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски, при тоа објасни на седницата на комисијата имаше предлог од оваа програма да се скратат 20.000 и овие средства да бидат дел од програмата за спорт и млади во делот за фудбалскиот клуб. Советничката Марина Димитријовска праша колку од ставките од оваа програма се реализирани. Претставникот Мише Милошевски објасни немам информација дека нешто е реализирано. За последните две активности од 7 и 8 предходната година беа на предлог на Д-р Драган Јовановски како член на комисијата објасни дека имале средби на овие теми во училиштата реализирано било без надомест. Исто за 2024 година најави дека ќе организира средби и без надомест. Затоа во точките 7 и 8 да не се планираат средства, а останатите потребни

средства до 20.000 да се намалат во другите ставки. Други забелешки немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 30-тата седница. За донесување на програмата гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 11. Програма за јавно осветлување за 2024 година на подрачјето на општина Демир Хисар***

Програмата за јавно осветлување за 2024 година на подрачјето на општина Демир Хисар беше донесена од комисијата за јавни и комунални дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. Дискусија немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 30-тата седница. За донесување на програмата гласаа 10 „за“, против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 12. Годишна програма за вршење на работите на одржување на јавната чистота во градот Демир Хисар во 2024 година***

Годишната програма за вршење на работите на одржување на јавната чистота во градот Демир Хисар во 2024 година беше донесена од комисијата за јавни и комунални дејности објасни претседателот на комисијата Аце Јанкуловски. За програмата објаснување имаше претставникот Вера Трајковска. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски праша дали некој врши контрола на спроведување на програмата и колку се спроведува програмата. Претставникот Вера Трајковска објасни контролата ја врши таа како комунален инспектор, делумно е задоволна од спроведувањето на програмата. Советникот Валентин Несторовски праша каде има забелешка, потоа додаде програмата треба да се спроведува. Претставникот Вера Трајковска објасни посебно забелешка има во спроедување на програмата во улиците кои се втора зона многу ретко таму се чисти иако се планирани, по улица Битолска се чисти во прва зона. Иницирав состанок, но не се одржа, средствата се тие кои се планирани тие се од граѓаните треба и да се вршат работите. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да се донесе заклучок да не му плаќа, за делот кој е планиран, а не се спроведува. Советничката Марина Димитријовска додаде должност е на изведувачот да ја реализира програмата, а советничката Сандра Пејковска истакна нема надлежност советот да се меша во работата на инспекторите. Тие си постапуваат согласно закон и своите надлежности, ако има проблем треба да си постапуваат согласно нивните надлежности, ако не се сработи сигурно општината нема да плати. Заклучокот кој советот ќе го донеси нема правно дејство. Претставникот Вера Трајковска се согласи законски е така вршам контрола ако некаде не е добро сработено реагирам, ако има некој предлози за програмата може да се каже да се дополни или измени. Сумата која е определена во програмата е од собраните средства од граѓаните и правните лица, нема општински средства. Советничката Сандра Пејковска додаде да не се разбериме погрешно немам никаква забелешка за работата на инспекторката, дискусијата беше во насока дека Советот нема надлежност да носи заклучоци за тоа дали инспекторот ќе ги потпишува или не налозите. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски истакна Советот ги носи програмите јас ги потпишувам, ако некој не ја сработи работата не треба и да му се плати ако останат средства од оваа програма можи да се пренасочат, овие средства се од граѓаните плаќаат и заслужуват да се вршат планираните активности. Немаме надлежност да се мешаме во работата на инспекторите само како препорака. Дискусијата беше исцрпена. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 30-тата седница. За донесување на програмата гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 13. Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар во 2024 година***

Програмата за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Демир Хисар во 2024 година беше донесена од комисијата за урбанизам ЗЖС и комунални дејности. Советниците немаа забелешки. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното

гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 30-тата седница. За донесување на програмата гласаа 11 „за".

***ТОЧКА 14. Програма за изградба и реконструкција на патишта и улици во Демир Хисар за 2024 година***

Програмата за изградба и реконструкција на патишта и улици во Демир Хисар за 2024 година беше донесена од Комисијата за урбанизам ЗЖС и комунални дејности. Комисијата имаше предлог за дополнување на програмата и тоа изработка на техничка документација за реконструкција на улица во Утово, техничка документација на улица во Обедник до муслималнските гробишта, техничка документација за реконструкција на улица во Сопотница, реконструкција на улица во Загориче од училиштето до црквата и изградба на мост во с.Журче на река Журешница обезбедени средства од Министерство за локална самоуправа. Советникот Јордан Кромидаровски имаше забелешка зошто улицата во с.Обедник не планирана во програмата кога за тоа веќе се разговараше, исто за мостот во с.Журче има обезбедно средства и не ставен во програма додаде Претседателот на Советот Љупчо Најдовски. Други предлози немаше. Програмата беше ставена на гласање дополнета со предлозите од комисијата. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 30-тата седница. За донесување на програмата гласаа 11 „за".

***ТОЧКА 15. Програма за уредување на земјиште во Демир Хисар за 2024 година***

Програмата за уредување на земјиште во Демир Хисар за 2024 година беше донесена од комисијата за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности исто така измента со предлозите кои се дел од програмата за изградба и реконструкција на улици и патишта во Демир Хисар за 2024 година која е составен дел на оваа програма. Дискусија немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 30-тата седница. За донесување на програмата гласаа 11 „за".

***ТОЧКА 16. Програмата за Урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2024 година***

Програмата за Урбанистички планови за Општина Демир Хисар за 2024 година беше донесена од Комисијата за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности. Констатацијата на советниците за оваа програма беше продолжување со постапката за донесување на ГУП за Демир Хисар кој е проблем за развој на општината. Претставникот Томче Милошовски објасни постапката за генералниот урбанистички план е запрена уште во 2016 година, во Министерството за земјоделие. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски апелираше секој кој има можности треба да направи обиди да даде допринос за разрешување на вакви проблеми донесувањето на ГУП-от како и други инвестиции во општината за сите е добро. Дискусија повеќе немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 30-тата седница. За донесување на програмата гласаа 11 „за".

***ТОЧКА 17. Програма за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Демир Хисар за 2024 година***

Програмата за работа во областа на располагањето со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на општина Демир Хисар за 2024 година беше донесена од комисијата за урбанизам, ЗЖС и комунални дејности. Во врска со оваа програма Претседателот на Советот Љупчо Најдовски имаше забелешка да се покрени иницијатива да се започне постапката за утврдување на парцела за изградба на храмот. Постојано се разговара за оваа тема, која е постапката општината да го купи земјиштето и да го отстапи на МПЦ, или дирекно МПЦ да поднесе барање за земјиштето. На предходната седница донесовме одлука за меѓуопштинска соработка со општина Ресен да се информира одделението за урбанизам, во соработка со архитектот и да се започне постапката, општинската администрација да прибере информации и да каже како да се води постапката, ако треба Советот да донесе некој акт да се направи тоа. Предложивме да се поднесе барање до Влада на РСМ. Претставникот Томче Милошовски објасни колку што има информации

треба да се оформи парцела. Советникот Сашо Михајловски се согласи Катерина Огненовска е правник во Одделението за урбанизам да се информира како треба да течи постапката. Советникот Јордан Кромидаровски додаде општината нема поднесено барање незнаеме што треба. Советничката Сандра Пејковска додаде општинската администрација да кажи што треба да се направи и каков акт да се донесе. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да се донесе заклучок со кој се задолжува општинската администрација да поднесе барање до Влада на РСМ за отстапување на земјиштето на општината, а советникот Аце Јанкуловски е задолжен да ја координира работата заедно со градоначалникот и одделението за урбанизам, а на наредна седница советниците да се известат до каде е постапката. Други забелешки и предлози во врска со програмата немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 30-тата седница. За донесување на програмата гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 18. Годишна Програма за активности еднакви можности на жените и мажите во општина Демир Хисар за 2024 година***

За Годишната Програма за активности еднакви можности на жените и мажите во општина Демир Хисар за 2024 година воведно излагање имаше претставникот Даниел Станојовски. При тоа објасни предходната година немаше донесено ваква програма бидејќи не сакал само да се донеси на а да нема реализација. Оваа година во соработка со советничките Сандра Пејковска како претседател на комисијата за еднакви можности на жените и мажите и советничката Марина Димитријовска која е назначил како заменик координатор е изготвиле програмата. Советничката Сандра Пејковска додаде од активностите и контактите се дојде до констатација дека има жени кои сакаат да се активно вклучени, но не се доволно информирани за да можат да ги користат мерките кои ги имаат на располагање затоа е потребно повеќе едукација и помош за изработка на програми, исто така потребна е едукација за рано откривање на малигдни заболувања, обезбедување помагала или друга помош превоз за терапија на жени оперирани од рак на дојка. Заради тоа предлага да се зголеми буџетот планиран за оваа програма. Исто така во програмата се планира поддршка на еднородителски семејства, едукација за намалување и превенција на семејно насилство, организирање на саем на земјоделски производи заради вака изготвената програма збогатена со голем број на активности потребен е буџет од 70.000 денари. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски се согласи програмата е солидно изработена и предложи 80.000, но треба да се знае од која ставка во буџетот ќе се земат овие дополнителни 40.000. Советничката Марина Димитријовска упати пофалба за изработката на програмата и координацијата. Предходната година не се донесе ваква програма не се потрошени средства што значи за 2024 година се согласува да се зголеми буџетот програмата е доста богата со содржини се надева дека ќе се реализира. Дискусија повеќе немаше. Програмата беше ставена на гласање со предлогот за средствата за реализија на програмата 80.000 денари. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 30-тата седница. За донесување на програмата гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 19. Решение за именување член во Управен одбор во ЈУ Центар за социјална работа Демир Хисар***

За именување член во Управен одбор во ЈУ Центар за социјална работа Демир Хисар комисијата за мандатни прашања избори и именување предложи да биди Даниела Карчевска вработена во општинската администрација, и досега таа била и поминал мандатот треба да се направи реизбор. Забелешки немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 30-тата седница. За донесување на решението гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 20. Финансиски извештај за работа на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период 01.01.2023-30.09.2023 година***

Финансискиот извештај за работа на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар за период 01.01.2023-30.09.2023 година беше усвоен од комисијата за финансии и буџет објасни претседателот на комисијата Сандра Пејковска. Советникот Сашо Михајловски побара објаснување во точка 27

надомест за управен и надзорен одбор има повеќе средства потрошено споредено со предходна година, а постојано се дискутира дека има членови кои не присуствуваат на седниците, дали тоа значи дека тие редовно земаат надоместок ако не присуствуваат затоа и предходно предложив наместо да се повлечат точките да се разрешат членовите кои не присуствуваат на седниците. Советникот Валентин Несторовски објасни додека тој бил член на управен одбор се исплаќало само ако си присутен, а директорот Гоце Мицковски објасни уште е така се плаќа за присуство. Советникот Сашо Михајловски истакна од финансискиот извештај може да се види претпријатиeто остварува загуба, неможе да работи управниот одбор ако еден член од тие редовно што одат не присуствува нема седница да се оддржи мора да се најде решение. Претседателот на советот Љупчо Најдовски предложи пауза за дополнителни консултации. После паузата советникот Сашо Михајловски го праша директорот што се планира за излез од оваа ситуација. Директорот Мицковски објасни споредено се предходна година најмногу зголемување во расходите има кај плати за три ипол милиони денари повеќе од предходна година. Електричната енергија и предходната година беше значително зголемена што значи ова е втора година како се зголемува трошоците споредено со 2021 година. Излез од оваа ситуација е да се зголемат цените на услугите, но за тоа одлучува регулаторна комисија. Ова е проблем кај сите јавни комунални претпријатија, во преговори се да се најде некое решение. Дискусија повеќе немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 30-тата седница. За усвојување на извештајот гласаа 6 „за“, 5 „против“ воздржани немаше.

***ТОЧКА 21. Разгледување на барањето од Сања Шилковски од Демир Хисар***

Во врска со ова барање претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни контактирано е семејството тешта ситуација операцијата е доста скапа во рамките на можностите на општината ако има можност барем 100.000 денари. Советникот Аце Јанкуловски предложи да ја донесеме одлуката во рамките на можностите на општината ако има можност нека му се одобрат и повеќе средства. Дискусија повеќе немаше. Согласно член 3 од одлуката за работа на советот со употреба на комуникациски средства гласањето се одвиваше по пат на поменично произнесување на секој член. Листот од засебното гласање по оваа точка е составен дел на седничкиот материјал од 30-тата седница. За донесување на одлуката за одобрување на финансиски средства гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 22. Предлози и прашања***

***-Барање од МЕС ПРОДУКЦИЈА***

Во врска со барањето претставникот Александра Трајковска ги запозна советниците Барањето се однесува на информирање на советниците за снимање на играна серија на територијата на општината. За таа цел известено е населенисто каде ќе се врши снимањето. Да се донеси заклучок дека се согласува советот. Едногласно барањето беше прифатено.

***-Барање од Веле Стојановски Демир Хисар***

Барањето се однесување на проблем на улица 29 Ноември каде треба да се изгради потпорен зид. Советничката Сандра Пејковска се согласи да се постапи по барањето. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски предложи да се излези на терен да се интервенира. Едногласно беше прифатено од сите советници.

Дискусија повеќе немаше.

Дневниот ред беше исцрпен, претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17-88/5
24.01.2024 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски с.р.